| Прилог бр. 3 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Античка филозофија 2** | | | |
| 2. | Код | Ф1/205-3/23 | | | |
| 3. | Студиска програма | Филозофија | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Институт за филозофија | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Прва година | Втор семестар | Број на ЕКТС-кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Јасмина Поповска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Да биде положен предметот Античка филозофија 1 | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): Цели на предметот се студентите да добијат продлабочени сознанија за основните филозофски проблеми и за најзначајните филозофски идеи во делата на Платон, Аристотел и на хеленистичко-римските автори; да ја разберат концептуалната рамка и терминологија во која се формираат фундаменталните идеи на Платон, Аристотел и во хеленистичко-римскиот период; да развијат способности за споредување на историски различни филозофски концепти; да развијат способност да ги интерпретираат, да ги анализираат и да ги оценуваат автентичните филозофски текстови на Платон, Аристотел и на хеленистичко-римските автори и притоа соодветно да ја користат секундарната литература; да ја увидат поврзаноста на метафизиката, теоријата на познанието и етиката во различните хеленистички школи; да се зајакне сопствената филозофска мисла преку комуникација со идеите на Платон, Аристотел и на хеленистичко-римските автори, во форма на писмено изложување и/или вербална аргументација. | | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма: Овој предмет на студентите им овозможува да добијат продлабочени сознанија за онтолошките, гносеолошките, етичките, естетичките и социјално-политичките проблеми во филозофијата на Платон и на Аристотел, како и на главните филозофски идеи и проблеми во историјата на хеленистичко-римската филозофија, почнувајќи од следбениците на Академијата, Перипатетичката школа, понатаму, претставниците на стоичката школа, епикурејска школа, скептиците и неоплатонизмот. Со детална анализа на некои од најзначајните дела на Платон и на Аристотел ќе бидат поставени прашањата за Платоновото учење за идеите, неговата гносеолошка концепција на анамнезис, учењето за душата, Платоновата еротологија, учењето за убавината и уметноста, утопистичкото уредување на државата, Платоновата етика; потоа прашањата за Аристотеловото учење за причините, категориите, неговата теологија и телеологија, етика и политика. Преку историско-филозофската ретроспектива на филозофијата на хеленистичко-римските автори, освен на онтолошките и гносеолошките проблеми, фокусот ќе биде ставен на етичките системи и посебните етички прашања, како вредноста на задоволството и доблеста, контролата на емоциите, можноста за достигнување спокојство и среќа, итн. | | | | | |
| 12. | Методи на учење: Предавања, вежби, домашно учење, индивидуално истражување, пишување на студентски трудови, презентации и дискусии | | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 3 + 1 | | | |

<table>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1.</td><td>Предавања - теоретска настава</td><td>45 часа</td></tr>
<tr><td>15.2.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа</td><td>15 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1.</td><td>Проектни задачи</td><td>30 часа</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Самостојни задачи</td><td>30 часа</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Домашно учење – задачи</td><td>60 часа</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="4">17.</td><td colspan="3">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>17.1.</td><td>Тестови/Колоквиуми</td><td>Прв тест/колоквиум: минимум 18 бода, максимум 35 бода<br>Втор тест/колоквиум: минимум 18 бода, максимум 35 бода</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна)</td><td>15 бода</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Активност и учество</td><td>15 бода</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>од 51 до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>од 61 до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71 до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81 до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td>Услов за потпис и за полагање завршен испит</td><td colspan="2">Редовна посета на наставата</td></tr>
<tr><td>20.</td><td>Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="2">Македонски јазик</td></tr>
<tr><td>21.</td><td>Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Евалуација и самоевалуација</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="6">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Аристотел</td><td>Метафисика</td><td>Скопје: Арс студио</td><td>2019</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Koplston, F.</td><td>Istorija filozofije. T. I – Grčka I Rim</td><td>Beograd: BIGZ</td><td>1991</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Платон</td><td>Политеја</td><td>Скопје: Три</td><td>2002</td></tr>
</table>

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4. | Plotin | *Eneade* | Beograd: Grafos | 1982 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Аристотел | *Категории* | Скопје: Табахон | 2012 |
| | | 2. | Grgić, F., M. H. Grgić, P. Gregorić. | *Helenistička filozofija: Epikurovci, stoici, skeptici* | Zagreb: Kruzak | 2005 |
| | | 3. | Кени, Е. | *Нова историја на западната филозофија – Том I – Античка филозофија* | Скопје: Арс Студио | 2016 |
| | | 4. | Платон | *Симпосион* во *Симпосиумска еротологија* | Скопје: Култура | 2008 |